**20091061997**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 62 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008) и член 58 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за добивање дозвола за основање на пензиски друштва, дозвола за вршење дејност – управување со доброволен и/или задолжителен пензиски фонд и одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија” бр. 138/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 24.08.2009 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ И УСЛОВНО ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

На КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје му се издава дозвола за вршење на дејност управување со доброволни пензиски фондови број 02.

Член 2

На КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје му се издава условно одобрение за управување со доброволен пензиски фонд број 02-02. По извршената промена на регистрацијата во Централниот регистар на Република Македонија условното одобрение за управување со доброволен пензиски фонд станува полноважно.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-1534/3
24 август 2009 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**, с.р.